Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на ден од дневни настани 27.01.2020

На 26.01.2020 во 20.40 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Гази Баба го лишиле од слобода Б.И.(28) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот,против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.01.2020 во 21.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Владимир Полежиновски" го лишиле од слобода Б.Ј.(21) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.01.2020 околу 22.30 часот на локалниот пат Требош-Палатица, тетовски, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Ј.И. (35) од тетовска Слатина, затоа што при контрола и преглед на возилото „Форд", што тој го управувал, била пронајдена марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.01.2020 околу 21.30 часот полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Кавадарци го лишиле од слобода С.Д.(45) од Кавадарци, затоа што бил затекнат како извршува тешка кражба во куќа на ул. „Проширеска" во Кавадарци. Тој бил задржан во ОВР Кавадарци и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во периодот од 22.00 часот на 25.01.2020 до 04.00 часот на 26.01.2020 на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за откривање и законско санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. При контролата откриени се 15 возачи (ТЕ-8 и ГВ-7), кои управувале возила под дејство на алкохол и тие се исклучени од сообраќај и времено им се одземени возачките дозволи, а изготвени им се и соодветни поднесоци. Во оваа контрола, исто така, откриени се и 17 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-5 и ГВ-12). На 24.01.2020 на подрачјето на Гостивар спроведена е акциска контрола и откриени се 17 возачи кои непропишо претекнувале и ним им биле изготвени прекршочни платни налози.

Полициски службеници од СВР Битола во периодот од 24 до 26 јануари 2020 извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување пренесба. Притоа, констатирано е дека пет возачи управувале нерегистрирани возила, кај 12 возачи констатирано е присуство на алкохол и тие биле исклучени од сообраќај, троја возачи разговарале на мобилен телефон додека управувале возило, 15 возачи не поседувале возачка дозвола, 19 возачи ја надминале максималната дозволена брзина, а 10 возачи не користеле сигурносен појас. За сите неправилности се издадени соодветни налози.

Во текот на 24, 25 и 26.01.2020 на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности при што од сообраќај се исклучени пет возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол, три возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и пет возила бидејќи биле нерегистрирани. Исто така, санкционирани се три возачи поради поминување на крстосница на црвено светло. Во однос на пешаците, санкционирани се три пешаци. Во текот на изминатите денови 105 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 26.01.2020 во 10.40 часот на улица „1" во с.Волково, скопско, патничко возило „шкода фелиција", со скопски регистарски ознаки, управувано од Љ.С.(26) од с.Волково, удрило во пешак Р.Р.(87) од с.Кучково. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, по што бил пренесен во Градската општа болница „8 Септември" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Кочани.

На 26.01.2020 во 17.55 часот на магистралниот пат Штип - Делчево, во атар на с.Облешево, патничко возило „пежо 206", со кочански регистарски ознаки, управувано од Д.К.(37) од с.Чифлик, излетало од коловозот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот, по што бил пренесен во ЈЗУ Кочани за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Кочани.

На 26.01.2020 во Полициската станица Струмица било пријавено дека во 08.00 часот на место викано „Чепели", атар на село Работци, струмичко, Н.Н. (64) од Струмица, додека бил на лов заедно со други лица, бил погоден од ловен патрон во пределот на градите. Според пријавеното, патронот бил испукан од М.Ш.(69), со кого биле заедно во лов, но го погодил Н.Н., кој се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Увид на местото извршиле Јавен обвинител и увидна екипа на СВР Струмица.

На 26.01.2020 во 20.33 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„391" во Скопје, по претходна расправија, 15-годишен малолетник бил физички нападнат со јарвен предмет од неговиот татко С.Т.(50) од Скопје, по што настанала физичка пресметка во која малолетникот со остра предмет ги нападнал неговиот татко и сестра А.Т.(22), која се обидувала да ги раздели. Лицата биле пренесени во Градска општа болница „Св.Наум Охридски" за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секторот за внатрешни работи Охрид ќе поднесе кривична пријава против М.Н. од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено снимање". На 24.01.2020 околу 23.00 часот, тој неовластено снимал полициски службеници додека извршувале службени дејствија-контрола во угостителски објект во Охрид.

На периодот од 24 до 26.01.2020, полициски службеници од Интервентната полиција, при преземање мерки и активности од службата, од слобода лишиле повеќе лица. Кај четири од нив била пронајдена марихуана, а кај А.З., кој се барал по потерница за издржување затворска казна, била пронајдена прашкаста материја. Лицата биле приведени и по целосно документирање на случајте, против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци. Исто така, биле пронајдени уште три лица за кои биле распишани потерници и се барале за издржување казна затвор, и тоа С.Ј., А.А.(37) и Р.С., сите од Скопје.

На 26.01.2020 година кај с.Црвени брегови - неготинско при сообраќајна контрола на товарно моторно возило марка „скانیа" со скопски регистарски таблици управувано од Л.Д.(24) од Виница се констатирани повеќе прекршоци, по што, е побарано од возачот во придружба на полициски возила да се упати кон Полициската станица – Неготино. Кога стасале кај железничкиот премин колоната била пресретната од автомобил марка „Сеат алтеа" со тетовски регистарски броеви и им било попречено движењето. Во моментот кога реагирале полициските службеници, неовластено биле снимени од седумнаесетгодишен малолетник од Винница. По барање до полициските службеници да им го предаде телефонот малолетникот одбил да го даде и почнал да ги навредува. Лицето е лишено од слобода и задржано во Полициската станица до целосно документирање на случајот, по што, ке биде поднесена соодветна пријава.

На 26.01.2020 во 17.50 часот во СВР Скопје, В.Д. пријавил дека на ул. „Алберт Ајнштајн" во Скопје биле опожарени седум контејнери и дел од кабли за струја. Пожарот бил изгаснат од Противпожарната единица од Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 26.01.2020 во 08.25 часот во СВР Скопје, Ј.Д.(41) од Скопје пријавил дека во периодот од 17.50 часот на 25.01 до 07.40 часот на 26.01.2020 на ул. „Емин Дураку" во Скопје, настанал пожар во возило комбе „мерцедес", со гостиварски регистарски ознаки, сопственост на фирма од Гостивар. Пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 26.01.2020 во 09.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во водите на реката Вардар има починато женско лице. Од екипа на Бригадата за ппротивпожарна заштита Скопје телото било извадено, а лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без траги на насилство. По преземени мерки било констатирано дека станува збор за Б.К.(60) од нас.Радишани - Скопје. По наредба на Јавен обвинител, телото на починатата било дадено на одбукција.

На 25.01.2020 во 09.31 часот во СВР Скопје, Е.Ј.(38) од Скопје пријавила дека во обложувалница на ул.„Шидска" во периодот од 22.59 часот на 24.01.2020 до 09.30 часот на 25.01.2020, едно лице извршило тешка кражба, при што биле одземени осум телевизори. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје.

На 26.01.2020 во 21.54 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на бул.„Февруарски поход" едно лице со закана со оружје ги одзело парите од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.01.2020 во 22.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница ул.„Благоја Стефановски" во Скопје две лица со закана со оружје од вработените одзеле пари од дневниот промет и од сефот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.01.2020 во 14.32 часот во СВР Скопје, Т.Д. пријавил дека на ул.„Милан Зечар" затекнал починато лице Љ.Т.(41) од Скопје, кој живеел со неговиот татко Б.Т.(77) од Скопје. Од лекар од Итна медицинска помош била констатирана смрт кај лицето, кое претходно имало здравствени проблеми. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје. За настанот е известен Јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот било предадено за одбукција.

На 26.01.2020 во 10.30 часот во СВР Скопје, Ц.А.(50) од Скопје пријавил дека околу 10.00 часот на паркинг на ул.„Боца Иванова" бил физички нападнат од М.А.(42) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од ЗППЈРМ.

На 26.01.2020 во 01.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека од Јавна установа за згрижување на деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение самоволно се оддалечила нивната штитеничка А.Е.(17) од Скопје, која е претходно во неколку наврати ја напуштала установата. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.
На 26.01.2020 околу 22.10 часот во СВР Скопје, Н.С.(55) од Скопје, вработен како чувар, пријавил дека околу 20.30 часот во тоалет на студентски дом на ул.„Архимедова" во Скопје, забележал зрно од куршум кое го пробило кровот. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје и го подигнала зрното за понатамошна постапка.

На 26.01.2020, полициски службеници од СВР Охрид го привеле П.П.(48) од Охрид, затоа што извршил кривично дело „разбојништво" во продавница на ул.„Ристо Чадо" во Охрид. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Џ.И.(24), А.А.(26) и Ф.С.(27), сите од с.Сенокос, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 21.12.2019 на регионалниот пат од с.Топлица, гостиварско, кон с.Неготино, пријавените физички го нападнале Т.М.(25) с.Неготино, при што Џ.И. му нанел повреди со остар предмет.

СВР Охрид, до надлежниот Јавно обвинителство, поднесе кривична пријава против А.К.(45) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторени шест кривични дела „тешка кражба". Тој, на 19 и 20.01.2020, со употреба на подесен алат и физичка сила ги отворал влезните врати и навлегувал внатре во ресторани, маркети, бутици и други деловни објекти на улиците „Св.Климент Охридски", „Лазо Трпоски", „Никола Карев", „Ване Сандански" и булеварот „Туристичка", при што одземал пари.

На 26.01.2020 околу 08.00 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека во семејниот дом на ул.„Стојан Сандески" во Кичево, С.А.(50) од Кичево бил пронајден починат, со прострелна рана во пределот на градите. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициска станица Кичево, при што до починатиот пронајден бил ловечки карабин „чешка збројевка" кал.7,62мм и една испукана чаура. По наредба на Јавен обвинител, извршена е одбукција на телото на починатиот, при што констатирано е дека С.А. починал како последица на испукан патрон при ракување со оружјето, по што телото на починатиот е предадено на семејството.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет